**20141424404**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 58 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОБУКИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат содржината и формата на годишниот план за обуки на административни службеници (во натамошниот текст: Годишен план) и извештајот за негова реализација (во натамошниот текст: Извештајот).

Член 2

Годишниот план кој се изготвува во електронска форма содржи табеларен приказ на планираните генерички и специјализирани обуки за секој административен службеник во институцијата одделно, со наведување на:

- редниот број на генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки;
- називите на специјализираните обуки и висината на финансиски средства потребни за реализација на секоја специјализирана обука одделно;
- изворот на финансирање на специјализираните обуки (од буџет на органот, од проект, соработка со други институции, а особено прецизно да се наведат евентуални други извори).

Член 3

Извештајот кој се изготвува во електронска форма содржи табеларен приказ на планираните и реализираните генерички и специјализирани обуки за секој административен службеник во институцијата одделно.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и формата на полугодишниот извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/11).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од денот на отпочнување со примена на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/14
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.